Generating momentum on water and forests in the Balkans project

GeMBalkans

Generating momentum on water and forest management




# Работилница за употребата на ГИС моделирање како помошна алатка во процесот на подготовка на посебните планови за стопанисување со шуми

Скопје, 17.09.2018

DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt

Landesforsten Rheinland-Pfalz
Wald. Werte. Wahren.

CNVP
Building a Greener Economic Environment

**Проектот е финансиран од DBU - Deutsche Bundesstiftung Umwelt**

Водечки партнер: Research Institute for Forest Ecology and Forestry (FAWF), International Projects and Networking, Trippstadt, Deutschland

Проектна координација: CNVP – Connecting Natural Values and People Foundation

Партнери: ЈП Национални Шуми; ЈП Србија Шуме; Министерство за туризам и животна средина, сектор шумарство и пасишта, Албанија;

**Цели на проектот**

Северна Македонија, Србија и Албанија се соочени со повеќеслојни предизвици во однос на поврзаноста на стопанисувањето со шумите и водните ресурси. Предизвиците треба да се решаваат заедно преку зголемена синергија на потенцијалот кој го има администрацијата која управува со шумите и со водните ресурси како и преку вклученост на клучните засегнати страни.

Планирањето во шумарството во Северна Македонија, Србија и Албанија мора да ги вклучи аспектите на управување со водите за да се обезбедат подобри екосистемски услуги кои се поврзани со водните и шумските ресурси.

Првата специфична цел е да се развие модел на мерки за заштита на водите во шумите преку интегративен планирање во управувањето со шумите и со водите.

Втората специфична цел е проширување на капацитетите за планирање во шумарството преку стратешки простап за интегрирано управување со шумите и аспектите за регулирање на водниот биланс во шумите.

# Временска рамка за проектните активности

| Work Packages | 2019 | | | | | | | | | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 01 | 02 |
| WP 1 | | | | | | | | | | | | |
| Project Catchments | | | | | | | | | | | | |
| GIS Modelling | | | | | | | | | | | | |
| Stakeholder worksh. | | | | | | | | | | | | |
| WP 2 | | | | | | | | | | | | |
| Gap Analysis | | | | | | | | | | | | |
| Round Table | | | | | | | | | | | | |
| WP 3 | | | | | | | | | | | | |
| GIS Training | | | | | | | | | | | | |
| SFM Training | | | | | | | | | | | | |
| Handbook | | | | | | | | | | | | |
| WP 4 | | | | | | | | | | | | |
| Communication | | | | | | | | | | | | |
| Project-Web-Tab | | | | | | | | | | | | |
| Projekt-Advertising | | | | | | | | | | | | |

## Пан европски критериуми и индикатори за ОСШ донесени во Хелсинки 1993, (Resolution H1)

ДЕЛ 1: ОПШТИ НАСОКИ

6. Праксите за стопанисување со шумите мора да имаат должно внимание за заштита на областите кои се еколошки чувствителни, сочувување на природните шуми, шумите кои имаат културно наследство, пејсажните вредности, сочувување н квалитетот и квантитетот на водните ресурси и одржување и унапредување на останатите заштитни функции на шумите како што е заштитата на акватичните и земјоделски екосистеми и заштита од поплави, ерозија и лавини.

7. Праксите за стопанисување со шумите треба да имаат за цел одржување и ако е можно подобрување на стабилноста, виталноста, капацитетот за обнова, отпорност и адаптивност на шумите кон стрес, вклучително и нивната заштита од пожари, штетници, болести, дивеч и други причинители на штета како што е интензивната испаша и брстење. Превенцијата и контролата на биотски и абиотски штети од големи размери треба да биде поддржана. Особено внимание треба да се пбрне на одржување и ако е потребно подобрување на квалитетот на шумската почва. Одгледувачките мерки кои се во склад со прородните процеси треба да бидат поддржани. Праксите кои се спротивни со одржливото стопанисување треба да се обесхрабрат.

ДЕЛ 2: ИДНИ АКТИВНОСТИ

13. Земјите потписнички се обврзуваат без одложување да подготват специфични насоки на национално ниво кои ќе ги содржат горе споменатите Општи Насоки и истите да ги инкорпорираат во плановите и програмите за управување со шумите, на начин кој е во склад со Изјавата за Шумските Принципи и ќе соработуваат и во иднина за развој на овие Општи Насоки за одржливо стопанисување со шумите во Европа.

# АНЕКС 2 ОД РЕЗОЛУЦИЈАТА - L2, Pan-European Operational Level Guidelines for Sustainable Forest Management

Насоките на оперативно ниво сочинуваат заедничка рамка на препораки кои може да се применат на доброволна база како комлементарни на националните инструменти за да промовираат во иднина одржливо стопанисување со шумите во Европа.

Насоките се донесени на петтиот Подготвителен состанок на Лисабонската Конференција за Заштита на Шумите во Европа.

Паневропските насоки на оперативно ниво се елаборирани со цел да се реализира одржливото стопанисување со шумите во Европа преку објаснување на потребните чекори во планирањето во шумарството и спроведувањето на шумарската пракса на терен.

**КРИТЕРИУМ 5. Одржување и соодветно зголемување на заштитните функции на шумите (особено на почвата и водата)**

## 5.1 Упатство за уредување на шуми

a. Уредувањето на шумите  треба да има за цел да ги држи и зајакне заштитните функции на шумите за општеството, како што се заштита на инфраструктурата, заштита од ерозија на почвата, заштита на водните ресурси и заштита од друго негативно влијание на вода, како што се поплави, свлечишта, лавини.

b. Области кои ги исполнуваат заштитните функции за општеството треба да бидат регистрирани и одбележани и издвоени во плановите за стопанисување со шумите

Забелешка: официјално нема прогласено заштитни шуми во Македонија.
Порано имаше околу 17.500 ха.

**5.2 Упатство за шумски практики**

a. Посебно внимание треба да се посвети на шумските практики на чувствителни почви и ерозивни подрачја, како и на областите каде шумските операции може да доведат до прекумерна ерозија на почвата и генерирање седимент во водотеците. Несоодветни техники како употреба на несоодветни машини треба да се избегнува во такви области. Треба да се преземат посебни мерки и да се намали притисокот на животинска популација

b. Посебно внимание треба да се посвети на шумски практики за шумски области препорзнаени за заштита на води при што ќе се избегнат негативните ефекти врз квалитетот и квантитетот на водните ресурси. Несоодветна употреба на хемикалии или други штетни материи или несоодветни шумски практики кои влијаат на квалитетот на водата на штетен начин треба да се избегнува.

c. Изградбата на патишта, мостови и други инфраструктурни треба да се врши на начин кој го минимизира изложеноста на гола почва, да се избегнува наноси во водотеците и да се зачувува природните ниво и функција на водотеците и речните корита. Правилно одводнување шумските патишта треба да се изгради и одржува.

## Подобрени индикатори, Мадрид 2015

Area of forest and other wooded land designated to prevent soil erosion, preserve water resources, maintain other protective functions, protect infrastructure and managed natural resources against natural hazards.

## Национални критериуми за ОСШ – признаени од ПЕФЦ

| **Поглавје 5: Одржување и подобрување на заштитните функции на шумата (особено во однос на почвата и водата)** | |
|---|---|
| **Тематска област: заштитни функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 5.1. |
| Опис на критериумот | Планирањето има за цел одржување и унапредување на заштитните функции на шумата, како што се заштита од ерозија, заштита од ветер, заштита на водните ресурси, заштита од штетните ефекти на водата (поплави, лавини) и заштита на инфраструктурата. Шумите со заштитна намена се регистрирани и картирани во ППСШ или нивните еквиваленти, а мерките на одгледување и заштита се прилагодени на нивната функција. (5.5.1, 5.5.2) |
| Врска со легислатива | Закон за шумите;<br>Закон за водите; |
| Индикатори | 1. Изборот на одгледувачки или обновителни мерки е во функција на исполнување на барањето на критериумот<br>2. Картирани површини на шума со заштитна намена<br>3. Категоризација на шумата по намена |
| Извор на верификација | - Шумски карти.<br>- ППСШ или нивните еквиваленти.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | Почитување на горенаведените барања |

| Поглавје 5: Одржување и подобрување на заштитните функции на шумата (особено во однос на почвата и водата) | |
|---|---|
| **Тематска област: заштитни функции на шумите** | |
| Критериум бр. | 5.2. |
| Опис на критериумот | Во шуми кои се изложени на ризик од ерозија на почвата, изборот и примената на мерките за заштита и одгледување на шумите е соодветен со нивната намена и е во функција на заштита на почвата. (5.5.3) Во шуми кои се со функција на заштита на водата се посветува посебно внимание на примената на шумските практики за да се избегнат штетни ефекти по квалитетот и квантитетот на водата. Притоа не се употребуваат хемиски средства или штетни супстанци при користење на шума кои штетно влијаат на квалитетот на водата. (5.5.4) |
| Врска со легислатива | Закон за шумите;<br>Закон за водите;<br>Закон за земјоделско земјиште; |
| Индикатори | 1. Изборот на одгледувачки и заштитни мерки во шуми со заштитна намена се во функција на исполнување на барањето на критериумот<br>2. Употреба на адекватна технологија во функција на исполнување на барањето на критериумот<br>3. Забрането е изведување на чиста сеча во шуми со заштитна функција, освен поради санација на вонредни појави (пожар, каламитети и друго)<br>4. Забранета е примена на инвазивни техники или употреба на тешка механизација со која се разрива и оштетува почвениот слој во шуми кои се изложени на ризик од ерозија на почвата или се со заштитна функција |
| Извор на верификација | - Одредбите во ППСШ за избор на мерки за одгледување и заштита.<br>- Одредбите во изведбените планови за избор на видови на техника на сеча и дотур.<br>-Теренска проверка од страна на независно тело. |
| Гранична вредност | Почитување на горенаведените барања |

**Donor**

DBU
Deutsche Bundesstiftung Umwelt

**Lead Partner**

Landesforsten Rheinland-Pfalz
Wald. Werte. Wahren.

**Project Coordinator**

CNVP
Building a Greener Economic Environment

**Partners**

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата

Србијашуме

MINISTRIA E TURIZMIT DHE MJEDISIT